# ЕДЕН НОВ НАТПИС ОД SCUPI

Во текот на последните неколку години збирката на надгробните споменици од територијата на римската ветеранска колонија Скупи е зголемена со три нови споменици, од коишто двата се ветерански, а едниот, што го публикуваме сега, е од приватен карактер. Споменикот е најден во мес. август 1954 година во атарот на с. Влае, на 100 м. западно од местото на Лепенец, во пресушеното корито на реката, од каде е пренесен веднаш во Археолошкиот музеј во Скопје (инв. број 501)[1]). Тој е од бел мермер. Откршен е долу косо и горе незнатно над шишарката; натписното поле, левата страна на фронтонот со акротеријата и десната страна од шишарката се доста излижани.



Димензии: вис. 155 см., шир. 77 см., деб. 30 см.; висина на натписното поле 76 см., ширина 65 см.

Споменикот горе се завршува со полукружен фронтон, чијшто слободен архиволт лежи директно на рамката од натписното поле. Фронтонот во средината е декориран со розета и борова

---

[1]) Споменикот го пронашол земјоделецот Киро Геровски од с. Влае при вадењето песок. На 50 м. јужно од него откопана е една

шишарка вертикално поставена над неа. Аголните акротерии, чија површина е украсена со релјефно претставени палмети, се слободни. Под фронтонот во мазни недекорирани рамки е сложено профилирано натписно поле со следниот надгробен натпис:

D(IS) M(ANIBUS).
T(ITUS) FL(AVIUS) SATUR-
NINUS VIX(IT)
AN(NOS) V, MENS(ES)
III. FL(AVIA) CORNE-
LIA MATER
F(ACIENDUM) C(URAVIT).

Висината на буквите изнесува во првиот и во последниот ред 4,7—5,2 см., а во останатите варира од 3,5 см. до 4,5 см.

Интерпункцијата е доследно спроведена по секој збор, без обѕир дали е тој скратен или не. Во натписот има само една лигатура: во петтиот ред, каде се легирани буквите 7—8 (ne).

Споменикот, како што се гледа од натписот, го подигнала Флавија Корнелија на својот син Тит Флавиј, којшто живеал само пет години и три месеца. Се забележува дека во натписот не е означена филијација, а гентилното име на детето (Flavius) дека е истоветно со гентилицијот на мајка му. Мајчиното гентилно име го примаат обично незаконитите деца (liberi naturales), коишто законски не можат да имаат сигурен татко[2]), додека децата родени во законитиот брак (iustum connubium) го примаат гентилицијот на татко им[3]). Што се однесува пак до филијацијата, која кај законитите деца се означува со татковото име кон коешто некогаш се придодава и мајчиното[4]), таа кај незаконитите деца може да се означи или според мајчината линија[5]), или се прима некоја измислена филијација (ако постои желба да се прикрие незаконито раѓање[6]) или, како што е кај нас случај, воопшто не се назначува[7]). Значи, според сето изложено може да се претположи дека малиот Тит, кој го носи мајчиниот гентилициј, а чиј татко во натписот со ниеден збор не е споменат, е незаконит син (filius naturalis) на Флавија Корнелија. Ген-

голема пластична шишарка од бор (сега во Арх. музеј), а близу до неа под песокот се наоѓа уште еден голем споменик, којшто не е уште пренесен во Музејот.

[2]) René Cagnat, Cours d'épigraphie latine, Paris 1914, стр. 72;
[3]) R. Cagnat, op. cit. стр. 67;
[4]) R. Cagnat, op. cit. стр. 60, 61;
[5]) R. Cagnat, op. cit. стр. 61;
[6]) R. Cagnat, op. cit. стр. 72, 73.
[7]) R. Cagnat, op. cit. стр. 72;

тилното име Flavius, многу распространето во целата римска Империја, како и сите гентилни имиња на императорите или големи патрициски семејства[8]), укажува на тоа дека татко ѝ, или можеби дури и дедо ѝ на Флавија Корнелија го добиле граѓанското право (civitas) за време на некој од императорите од Флавијевата династија. Што се однесува пак до сократената форма на овој гентилициј треба да се потцрта дека тој спаѓа во редот на оној мал број гентилни имиња, коишто против општото правило, се пишуваат и со почетните букви[9]) и дека во ваква форма се појавува доста рано, веќе во почетокот на II век од нашата ера[10]).

Во врска со датирањето на овој споменик претполагаме дека тој би можел да се постави во II век од н. ера. Основа за вакво датирање ни дава трачленото име со преноменот и гентилицијот, коишто им припаѓале на императорите од Флавијевата династија, како и употребените формули од коишто заклучната FC во овој век може да се сретне и самостојно без изразот HSE како што е кај нас случај. Формата на буквите и третирањето на розетата не се во контрадикција со вакво датирање.

*Скопје.* *Б. Јосифовска.*

---


## *RÉSUMÉ*

*Borka Josifovska:* UNE NOUVELLE INSCRIPTION DE SCUPI

La stèle funéraire publiée ci-dessus a été découverte fortuitement en 1954 dans le rayon du village de Vlae (au nord-ouest de Skopje) à 100 m. à l'ouest du pont sur la rivière Lepenec, sur le territoire de *Scupi (Colonia Flavia Aelia Scupi)* — l'ancienne colonie romaine de vétérans. Selon l'épitaphe latine, la stèle a été érigée par une certaine *Flavia Cornelia* sur la tombe de son fils *Titus Flavius Saturninus*, qui a vécu seulement cinq ans et trois mois. En se basant sur le fait que le gentilice du petit Titus est le même que celui de sa mère et que la filiation est omise, l'auteur est d'avis qu'il s'agit ici probablement d'un enfant naturel.

Quant à la date de ce monument l'auteur propose le IIe siècle de notre ère. En faveur de cette date témoignent les formules employées et les *tria nomina* dont le prénom et le gentilice ont appartenu aux empereurs de la dynastie flavienne.

La stèle maintenant se conserve au Musée archéologique de Skopje.


---

[8]) R. Cagnat, op. cit. стр. 51;
[9]) R. Cagnat, op. cit. стр. 51—52;
[10]) Hilding Thylander, Étude sur l'épigraphie latine, стр. 97.

Фотографијата на споменикот е од Д. Черњаковски, фотографот при Археолошкиот музеј во Скопје.